А. ДАНОВИЧ, (Воронеж, СССР)

# „ЛЕНИНСКАТА СОБА“ НА СРЕДНАТА ШКОЛА БР. "28 ВО ВОРОЊЕЖ (СССР)

Во нашево училиште осум години веќе постои „Ленинска соба.“*) Секоја година Одборот на Ленинската соба заедно со ВЛКСМ**) и Советот на дружината им поставува задача на соколските, пионерските и комсомолските***) одделенија, односно класови. Во тие задачи влегува подготовка на реферати на В. И. Ленин и неговите соработници, за хероите на граѓанската и татковинската војна, кореспонденција со меморијалните музеи, со фабриките во кои зборувал Ленин, со учениците на училиштата во Уљановск, Москва, Ленинград и други градови и села каде живееше, работеше и каде бил интерниран, или бил во емиграција Владимир Илич. Овде влегува и изработување на макети, албуми, изведување на екскурзии, работа во околината каде живеат и во детската градинка што е под нивни патронат итн.

Во определените рокови класовите поднесуваат извештаи за извршување на задачите. Собраните материјали се предаваат во „Ленинската соба“. Постоењето на таков обемен документарен и истражувачки материјал овозможува одржување на часови по историја во VIII, IX и X-тите класови по различни теми врз база на материјалите во „Ленинската соба“.

Значајно место во „Ленинската соба“ заземаат материјалите од околината. Така, по повод 50-годишнината од создавањето на Советската држава, од учениците од IX-тите и X-тите класови беше подготвена прилично голема по својот обем и содржина изложба на тема: „Вороњеж во времето на Советската власт.“ На изложбата беа експонирани убави дијаграми што го илустрираа развојот на индустријата и сообраќајот, културно-станбената изградба, здрав-

*) „Ленинска соба“ („Ленинская комната“) е специјална соба — училница, во која се собираат и изучуваат материјали од животот на Ленин, дејноста на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз, од историјата на СССР, посебно оние кои имаат врска со територијата на градот и околијата.

**) Сојузен Ленински Комунистички Сојуз на Младината.

***) Одделенија односно класови градуирани по својата возраст.

ството и просветата. На изложбата исто така можеа да се видат фотографии кои раскажуваа за стариот до револуцијата Вороњеж, а и такви од кои може да се види каков тој изгледа во наши дни. Врз основа на материјалите од изложбата беше изработен реферат на тема: „Нашиот сакан крај“. Рефератот беше прочитан пред учениците на осумнаесет паралелки (класови).

Во 1969/70 учебна година по иницијатива на Одборот на „Ленинската соба“ сите класови ја посетија Фабриката за машини „Ленин“ во Вороњеж. Учениците се запознаа со фабричкиот музеј, со организацијата на производството, со ударниците на комунистичкиот труд, со работата на комсомолската организација. А како резултат на таквата тесна соработка на училиштето со фабриката, во нашата „Ленинска соба“ има паноа и албуми што раскажуваат за минатото и денешнината на фабриката која неодамна е одликувана со Орденот Ленин.

Вниманието на децата го привлекува фотокопијата од записникот на општиот собир на работниците, одржан на 3 ноември 1922 година на кој било решено на бившата фабрика „Стоља и К°“ да ѝ се даде името на Владимир Илич Ленин. Покрај фотографиите на Ковачницата од 1920 година и на Машинското одделение од 1970 година, се наоѓа снимка на фабриката, разрушена од германско-фашистичките завојувачи во време на Татковинската војна и фотографија на современиот фабрички корпус на новото машинско одделение. Овде може да се видат фотографиите на најдобрите работници на фабриката и производството што тие го остваруваат, детален расказ за стогодишната историја на фабриката, т.е. со какви постигања ја одбележува колективот на фабриката јубилејната дата — 100-годишнината од раѓањето на В. И. Ленин. Многу интересни работи може да се видат и во албумот за комсомолската организација на фабриката.

Сето тоа им помага на учениците да си претстават какви огромни успеси постигнала нашата земја и како се оживотворуваат заветите на Владимир Илич.

По порака на Одборот на „Ленинската соба“ комсомолците од училиштето се ангажираа со пронаоѓањето на оние лица кои во 1924 година влегоа во Партијата по повикот на Ленин. Барањето на такви лица даде интересни резултати. И сега во „Ленинската соба“ има пано и ракописна книга во која се зборува како со својата работа и со сиот свој живот комунистите, кои влегоа во Партијата во 1924 година, го оправдуваат своето високо звање — член на Партијата.

Пионерите од VII-те одделенија во минатата учебна година насобраа интересни материјали за трудбениците од нашиот Централен реон, чија работа е одбележена со високи државни награди и одликувања — со Орденот Ленин, како и трудбениците кои ја носат титулата „Лауреати на Ленинската премија“. Исто така овој

материјал има големо воспитно значење. Имено, тој покажува дека во нашата земја човекот се цени според работата, според тоа колку тој лично придонел во изградбата на комунизмот.

Ние успеавме да добиеме интересни фотографии за да оформиме пано за артистите, кои ја играле ролјата на Ленин на сцената на Вороњешкиот драмски театар. А во април 1969 година во училиштето се одржа средба на учениците од VIII, IX и X-тите класови со артистот на Драмскиот театар „Кањцов" Н. И. Данилов. Старитот театарски трудбеник им раскажа на учениците, како се изградувал ликот на Ленин од страна на разни артисти на драмскиот театар.

Познато е дека во своите дела „Кои се тоа 'пријатели на народот' и како тие се борат против социјалдемократите", потоа во „Развитокот на капитализмот во Русија" и во други, Владимир Илич Ленин пишувал за разорувањата на имотите на селаните во некогашната Вороњешка губернија и за сиромаштијата на голем број села. Ние, во рамките на кабинетот „Ленинска соба", решивме да дознаеме како денес живеат наследниците на тие некогашни селани за кои пишувал Ленин.

Учениците напишаа писма до управата на Колхозот „М. И. Калинин" од Павловскиот реон, кој се простира на теренот на бившото село на грофот Воронцов. Во одговорот што го добивме без многу очекување, се доби интересен материјал за минатото на селото, како и за промените кои таму се извршија през времето на годините на Советската власт, за тоа како сега живеат луѓето од колхозното село. Кабинетот доби и многу слики на ударниците во производството.

Во своето дело „Кои се тоа 'пријатели на народот' и како тие се борат против социјалдемократите" Ленин пишуваше и за опустошувањето на многу земјоделски домаќинства, а во тој број и за селанецот Годебски од Острогошскиот реон на нашата област. Ние ги побаравме потомците на Годебски. Меѓу живите е неговиот внук и правнука, која работи во Копаништенскиот мелкомбинат и е секретар на комсомолската организација. През пролетниот одмор нашите ученици се спремаат да појдат во посета кај потомците на семејството Годебски.

Исто така, во многу прирачници од царска Русија се спомунува селото Животиное, како село што изумира. Ние присобравме, преку активноста во рамките на „Ленинската соба", многу статистички, документарен материјал, како и многу фотографии, кои што зборуваат за денешниов живот во селото Новоживотиное, за расцутот на истото село.

Сиов овој истражувачки материјал зборува за огромните промени што се оствариja во животот на селаните од нашава област, за тоа како се претвора во живот ленинскиот кооперативен план.

Во текот на две години во тек е интензивна работа на собирање и оформување на материјалот врз темата: „Вороњешките болшевици — солдати на ленинската гарда". Всушност тоа ќе би-

дат изложувања (раскази) за членовите на Војно-револуционерниот комитет, за организаторите и учесниците на вооруженото востание во Воронеж на 30 октомври 1917 година. Некои од нив (Протопопов, Чуев, Риндин) сега се живи и ние имаме со нив постојана кореспонденција. На едно од паноата во „Ленинската соба" под наслов „На кого да се угледаме во животот" се поместени фотографии на мнозина активни учесници во револуцијата и граѓанската војна, а исто така и подробни описи за револуционерната дејност на секој од нив.

Учениците од V-б клас во оваа учебна година присобраа интересен материјал и издадоа (напишаа) ракописна книга за Воронешќани што служеа на легендарниот разурнувач на револуцијата „Аврора".

Притоа особена радост кај нас предизвикува и фактот што командантот на разурнувачот, човекот кој го оствари историскиот истрел врз Зимскиот дворец, беше нашиот сограѓанин Евдоким Павлович Огњов. Во „Ленинската соба" се наоѓа фотографија на разурнувачот „Аврора" во големи димензии со натпис за сторениот подарок од првиот комесар на разурнувачот А. В. Бељшев.

Кон сево наведено може да се додаде дека во „Ленинската соба" има и пано на кое се прикажани слики од улиците, плоштадите, претпријатијата, клубовите, реоните, населбите и сл., кои го носат името „Ленин". Овие слики се погоден илустративен конкретен материјал за водење на разговори со учениците за знаменитостите на градот Воронеж, за разгледување и анализа на економската и културната состојба на Ленинскиот реон. Исто така овој материјал се употребува и како основа за спроведување на околиски игри со поговорки (тн. викторијани) во кои зема учество училишната младина.

„Ленинската соба" служи како центар за извршување на дејности врз патриотското воспитување на учениците. Така, на пример, издадени се ракописни книги за учесниците во борбите за Воронеж во времето на Големата Татковинска војна, за оние кои на теренот на Воронеж го повториле или надминале подвигот на Александар Матросов. Сега се работи околу прибирањето материјали за бившите ученици на училиштето — војници на Советската армија, кои го положија најскапото — својот живот за нашево право за среќен и мирен живот.

Ова е во главни црти сликата за одразот на револуционерната преобразба на родниот крај во експозициите на нашиот училишен музеј „Ленинска соба".

Во програмата за дејностите на „Ленинската соба" се набележани и многу други интересни активности. Сите тие се насочени кон постигнување на подобри резултати во учењето, во воспитната работа, во пресрет и на наши јубилеи, како што беше и 100-годишнината од раѓањето на нашиот голем водач и учител Владимир Илич Ленин.

Превела од руски, *Тајсија Попстирова*